Република Македонија
Државна изборна комисија

# З А П И С Н И К
## ОД 81 –ТАТА СЕДНИЦА
## НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

## ОДРЖАНА НА 27 МАРТ 2014 ГОДИНА

**ЗАПИСНИК**
**од осумдесет и првата седница на Државната изборна комисија**

Осумдесет и првата седница на Државната изборна комисија се одржа на ден 27 март 2014 година ( четврток ) во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 16:00 часот.

На седницата присуствуваа:

| | |
|---|---|
| **Никола Рилкоски -** | Претседател на Државната изборна комисија |
| **М-р Субхи Јакупи-** | Потпретседател на Државната изборна комисија |
| **Сашо Срцев -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Анета Стефаноска -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Виолета Дума-** | Член на Државната изборна комисија |
| **Бедредин Ибраими -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Биљана Стојановска-** | Генерален секретар на Државната изборна комисија |
| **Расим Мустафа -** | Зам. Генерален секретар на Државната изборна комисија. |

Влатко Сајкоски, Член на Државната изборна комисија од оправдани причини беше отсутен.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Никола Рилкоски. Претседателот констатира дека е Комисијата во состав од 6 Членови и дека може да работи и да одлучува полноважно.

За оваа седница беше предложен следниот

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

**1.Разгледување и усвојување на Записникот од 77 – та Седница на ДИК одржана на 24.03.2014 година, Записниците од 78 – та и 79 – тата Седница на ДИК одржани на 25.03.2014 година и Записникот од 80 – тата Седница на ДИК одржана на 26.03.2014 година ;**
**2.Предлог Решенија по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9;**
**3. Предлог Заклучок во врска со разгледувањето на Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии;**
**4.Предлог Заклучок за запишување на лица во Избирачкиот список;**
**5. Разгледување на Барањата за акредитација на набљудувачи од Амбасадата на Кралството Холандија – дополнување и Амбасадата на Република Бугарија за изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год. и предвремените Парламентарни избори на 27.04.2014 година и**
**6.Разно**

Се отвори расправа по вака предложениот дневен ред.
Никој не побара збор и предложениот дневниот ред е ставен на гласање.

**6 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на дневниот ред на 81 – та Седница на ДИК.**

**Точка 1:**
**Разгледување и усвојување на Записникот од 77 – та Седница на ДИК одржана на 24.03.2014 година, Записниците од 78 – та и 79 – тата Седница на**

**ДИК одржани на 25.03.2014 година и Записникот од 80 – тата Седница на ДИК одржана на 26.03.2014 година ;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, отвори претрес по предложените Записници од 77- та, 78 –та, 79 – тата и 80 – тата Седница на ДИК. Никој не се јави за збор и Записниците се ставени на гласање.

Во меѓувреме на Седницата дојде Влатко Сајкоски, Член на ДИК и Комисијата продолжи со работа во полн состав.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Записникот од 77 – та Седница на ДИК одржана на 24.03.2014 година, Записниците од 78 – та и 79 – тата Седница на ДИК одржани на 25.03.2014 година и Записникот од 80 – тата Седница на ДИК одржана на 26.03.2014 година.**

**Точка 2:**
**Предлог Решенија по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски предложи за точката 2 и **Точка 3:Предлог Заклучок во врска со разгледувањето на Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии;** поради тоа што се непосредно поврзани, како и на претходната Седница, да се води заедничка расправа, а ќе се одлучува за секоја точка одделно.Даде збор на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи да даде објаснување по овие точки од дневниот ред.

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кажа дека има Преглед на одобрени решенија по поднесени пријави за гласање во ДКП, односно конзуларните канцеларии за оваа Седница на ДИК, за сите три Изборни единици 7,8 и 9, а кои се од стручните служби обработени на 27.03.2014 год. Бројот на позитивните решенија е 1705 и тоа се пријави кои се прифатени. Бројот на решенија за одбиени пријави е вкупно 27 од кои 7 решенија за одбиени пријави поради тоа што лицата ги нема со звездичка и немаат приложено докази а 20 лица ги нема во Избирачкиот список. Се проверуваат сите одбиени пријави, се читаат лицата по име и презиме и основот по кој е одбиена пријавата. По направената проверка, констатира дека Стручната служба добро утврдила дека одбиените лица не ги исполнуваат условите за прифаќање на пријавите, ДИК правилно постапува и овие пријави треба да бидат одбиени.Исто така треба да бидат прифатени позитивните решенија.

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи даде образложение по точката 3 од дневниот ред. Кажа дека на ден 27.03.2014 година за Образецот ИС 1 – Запишување во Избирачкиот список има вкупно 22 решенија ( се читаат по ред, по подрачни одделенија, дата на приемот и број на решенија ), за Образецот ИС 2 – Бришење од Избирачкиот список има вкупно 278 решенија ( се читаат по ред, по подрачни одделенија, дата на приемот и број на решенија ) и за Образецот ИС 3 – Промени во Избирачкиот список има вкупно 32 решенија (се читаат по ред, по подрачни одделенија, дата на приемот и број на решенија ). Овие решенија треба да се усвојат и со Заклучокот да се доставаат до Државниот завод за статистика.

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи побара да продолжи со образлагање и по **Точка 4:Предлог Заклучок за запишување на лица во Избирачкиот список;** Се работи за Предлог – Заклучокот за запишување на лица кои не се запишани во Избирачкиот список заради тоа што им се издадени патни исправи по направениот пресек или пак се во контингентот на нераспределени избирачи. Ова се однесува на гласачите во дијаспората.Да се усвојат Обрасците ИС 1 и да се доставаат до Државниот завод за статистика заради спроведување на

промените во Избирачкиот список, односно на запишување во Избирачкиот список на овие лица.Во прегледот по точката 2 од дневниот ред, во табелата, последната колона е колона за дополнително запишани лица и овој Предлог Заклучок се однесува на тие лица.

Расправата по трите точки од дневниот ред се затвори. Прво се гласаше по Точка 2:Предлог Решенијата по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9 се ставени на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Решенијата по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9.**

Се стави на гласање по Точка 3: Предлог Заклучокот во врска со разгледувањето на Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Заклучокот во врска со разгледувањето на Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии. Заклучокот е составен дел на овој Записник.**

Се стави на гласање по Точка 4: Предлог Заклучокот за запишување на лица во Избирачкиот список;

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Заклучокот за запишување на лица во Избирачкиот список. Заклучокот е составен дел на овој Записник.**

**Точка 5:**
**Разгледување на Барањата за акредитација на набљудувачи од Амбасадата на Кралството Холандија – дополнување и Амбасадата на Република Бугарија за изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год. и предвремените Парламентарни избори на 27.04.2014 година;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, објасни дека за овие акредитации има од службите подготвен преглед и во барањата е доставена потребната документација. Барањата се во согласност со критериумите за акредитација. Исполнети се условите за усвојување на овие барања за акредитација.

Никој друг не се јави за збор.Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски ги стави Барањата за акредитација на набљудувачи од Амбасадата на Кралството Холандија – дополнување и Амбасадата на Република Бугарија за изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год. и предвремените Парламентарни избори на 27.04.2014 година, на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Барањата за акредитација на набљудувачи од Амбасадата на Кралството Холандија – дополнување и Амбасадата на Република Бугарија за изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год. и предвремените Парламентарни избори на 27.04.2014 година**

**Точка 6:**
**Разно**

Никој не се јави за збор.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски констатира дека дневниот ред е исцрпен и ја затвори осумдесет и првата Седница на ДИК.

Составен дел на Записникот од оваа Седница е аудио снимката на Седницата.

**81-та седница на Државната изборна комисија заврши во 16:25 часот.**

**Број** 07-1230/2
31. 03. **2014 година**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА,**
**Биљана Стојановска**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Никола Рилкоски**

**Изготвил: Зорица Петровиќ**